# ‚Кој ќе се заколне во нешто друго освен во Аллах, направил неверство (куфр) или многубоштво (ширк).'“

Ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него, слушнал некој човек како вели: „Не, се колнам во Ќаба.“, па Ибн Омер рекол: „Не се колни во ништо друго освен во Аллах, бидејќи го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: ‚Кој ќе се заколне во нешто друго освен во Аллах, направил неверство (куфр) или многубоштво (ширк).'“

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè известува дека кој ќе се заколне во нешто друго освен во Аллах, или Неговите имиња и својства, направил чин на неверство или ширк, бидејќи колнењето подразбира величање на она во што се колне, а величието му припаѓа само на Возвишениот Аллах. Затоа, не треба да се колнеме во ништо друго освен во Аллах, или во Неговите имиња и својства. Под ова колнење се подразбира малиот ширк; но, ако оној што се колне го велича она во што се колне на начин како што се велича Возвишениот Аллах, или повеќе од тоа, тогаш тоа е голем ширк.